ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302-378/01
07.12 2018 год.
СКОПЈЕ

**До Институтот на Овластени Ревизори на Република Македонија**

Генерален секретар

Тања Тодоровска

**Предмет:** Предлог за изменување и дополнување на дневниот ред за закажаната 24-та седница на собранието на ИОРРМ на 14.12.2018 година, со следните точки:

1.Донесување на Одлука за утврдување на рок (31.03.2019) за довршување и имплементација на пакетот (алатка) добиена од францускиот институт за ревизија на мали и средни субјекти.

2.Донесување на Одлука за превод на Водичот за користење на МСР за ревизиите на мали и средни субјекти издадени и објавени од Одборот за мали и средни ревизорски друштва на Меѓународната Федерација на Сметководители.

3.Донесување на Одлука за изготвување/утврдување на минимален облик и содржина на работната документација при вршење на ревизијата.

4.Донесување на Одлука за изготвување на Упатство со класификација на наодите од проверките за контрола според степенот на ризик, како дополнување на Прашалникот за контрола на ниво на ангажман, и истото да биде составен дел на Правилникот за критериумите за оценување на квалитетот на работата на друштва за ревизија.

5.Предлог измена во Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитет на Овластените ревизори, друштва за ревизија и на овластени ревизори-трговци поединци. Предлог е да се брише точка 5 од член 15.

**Образложение**

Согласно Статутот на Институтот на Овластени Ревизори на Р.Македонија, во Делокруг на работа на Институтот, надлежности цели и задачи, во член 7 точка 31 е наведено дека Институтот **“изготвува упатства за изготвување на ревизорска документација”.**

Предлагачи

Скопје 05.12.2018

Борислав Атанасовски

Љупчо Пецев